ERSTE Stiftung

ERSTE Foundation Award for Social Integration 2011

**СООПШТЕНИЕ**

Скопје, 1 Септември 2010

**610.000 Евра и над 1.600 километри на велосипед – сè за социјална интеграција!**

Фондацијата ЕРСТЕ на 1-ви септември 2010 година ќе го објави третиот јавен повик за прибирање апликации за наградата Социјална интеграција 2011 на фондацијата ЕРСТЕ. Вкупната вредност на паричните награди наменети за иноватовните и ефикасните проекти за социјална интеграција од 12 земји-учеснички од регионот на Централна и Југоисточна Европа изнесува 610.000 евра. Со цел да покажат дека секој може да направи промена, тим на фондацијата ЕРСТЕ ќе патува со велосипед во должина преку 1.600 километри, низ 6 земји и притоа ќе запре во 10 града.

Повикот е отворен до 30 ноември 2010 година и на него можат да се пријават непрофитни организации, како и јавната администрација, граѓанското општество, приватните иницијативи, религиозните заедници и претставниците на медиумите што ја поддржуваат социјалната интеграција и активно учествуваат во проекти кои имаат за цел подигнување на свеста и интегрирање на социјалните и етничките малцинства, обесправените групи и лицата со посебни потреби. За новото издание наградата беше проширена и сега опфаќа плус четири нови земји, Унгарија, Република Чешка, Република Словачка и Молдавија, покрај осумте кои претходно беа вклучени во јавниот повик: Босна и Херцеговина, Хрватска, Косово, Македонија, Црна Гора, Романија, Србија и Словенија.

Наградата за социјална интеграција се доделува на секои две години, почнувајќи од 2007 година и има за цел да го охрабри развојот на граѓанското општество во земјите од централна и југоисточна Европа. Исто така, наградата претставува јавно признание за проектите за социјална интеграција и тежнее кон промени кон подобро во овој регион. Проектите се оценуваат врз основа на нивната ефикасност и придобивката што општеството би ја имало од нив. Прелиминарната жири комисијата ќе направи потесна листа од 100 кандидати кои потоа ќе бидат оценувани од страна на меѓународно жири кое ќе избере 30 финалисти. Церемонијата на доделување на наградите ќе се одржи во Будимпешта, Унгарија, во јуни 2011 година.

**Што би промениле Вие?**

Тимот од фондацијата ЕРСТЕ ќе покаже како обичните луѓе можат да ги постигнат своите индивидуални цели преку правилен начин на размислување. Два члена од тимот ќе започнат велосипедска тура и ќе пропатуваат низ шест земји-учеснички за да разговараат со локалните невладини организации и со претставниците на медиумите во врска со наградата и да ги охрабрат за да се пријават. Тие ќе тргнат од Виена на 8 октомври и ќе патуваат две недели низ Централна и Југоисточна Европа, при што ќе запрат во 10 града: Братислава, Пеќ, Осиек, Вуковар, Брчко, Белград, Панчево, Темишвар, Сегедин и Будимпешта.

"Секој може да направи промена, па дури и делувањето на еден човек може да *помести планини*-помали или поголеми. Ова е веќе докажано од страна на победниците од првите два циклуса на доделување на наградата за социјална интеграција. Клучот за успех лежи во вистинската посветеност, па така, прашањето што би сакале да го поставиме гласи „Што би промениле вие"? рече Борис Марте, член на бордот на фондацијата ЕРСТЕ. "Фондацијата ЕРСТЕ има за цел обликување на општества коишто овозможуваат еднаква застапеност на сите луѓе и општества во кои луѓето се спремни да ја преземат одговорноста и да ја искористат за општо добро. Секој од нас треба да даде свој придонес кон ова и токму ова е ставот што настојуваме да го зацврстиме и да го промовираме преку наградата Социјална интеграција 2011", додаде тој.

Обезбедувањето на финансиска поддршка за победниците за нивната континуирана посветеност кон општествениот развој е само една од придобивките од оваа награда. Освен тоа, сите 100 проекти што ќе влезат во потесната листа ќе добијат регионално признание за нивните напори во период од две години благодарение на поддршката од медиумите. Исто така, сите проекти што ќе влезат во потесната листа ќе станат дел од мрежата на најдобри практики и деталите во врска со

нив ќе може да се најдат на веб-страницата за мрежите за социјална интеграција на фондацијата ЕРСТЕ на: www.socialintegration.org/network.

„Наградата се развива од едно издание до друго, од четири земји првата година, на дванаесет земји во 2010/2011 година. Ние се обидуваме да направиме промена на тој начин што ќе го зајакнеме граѓанското општество во земјите-учеснички. Сакаме да отвориме дијалог и да создадеме можности за невладините организации да ги исполнат своите цели за создавање на подобри и поинклузивни општества", рече Дејан Петрович, проект менаџер за наградата Социјална интеграција на фондацијата ЕРСТЕ.

За повеќе детали во врска со наградата за социјална интеграција на фондацијата ЕРСТЕ и во врска со начинот на пријавување, одете на следниов линк: www.integrationaward.org.

Контакт

ЕРСТЕ Фондација Сектор комуникација
Јована Трифунович - тел. +43 50100 15844, е-пошта: jovana.trifunovic@erstestiftung.org
Адреса: Friedrichstraße 10, A - 1010 Виена, Австрија

Локален Партнер
Драгана Чифлиганец - Тел. +389 70 365 738 , е-пошта: ef.macedonia@gmail.com
Скопје , Р. Македонија

Фондацијата ЕРСТЕ е активна во регионот на централна и југоисточна Европа. Заедно со своите партнери креира мноштво активности за општо добро. Фондацијата ЕРСТЕ е законски наследник на првата австриска штедилница, „Erste oesterreichische Spar-Casse", стара 190 години. Нејзините две заложби се засноваат на овие историски корени: како најголем акционер, фондацијата ЕРСТЕ ја обезбедува иднината на групацијата ЕРСТЕ како независна компанија и ја инвестира дивидендата во поддршка на општото добро.

Повеќе информации можете да најдете на: www.erstestiftung.org